Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

Бр. 01-1437/1-2020
Дата 14/12/2020

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11октомври бр. 25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16,35/18,198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/2020), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за индустриска сопственост

**Член 1**

Со овој Праилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за индустриска сопственост бр. 01-1863/1 од 30.10.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Заводот бр. 01-309/1 од 21.02.2018 година, бр. 01-1196/1 од 12.08.2019 година и 01-846/1 од 13.07.2020 година и тоа:

**Член 2**

Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ во "Сектор за патенти, технолошко набљудување и билатерална соработка со Европскиот патентен завод (ЕПО)" во **"**Одделение за патенти", кај работното место под реден број "13" со шифра УПР 0101 Б04 000 со назив на работно место: **"**Раководител на одделение за патенти", во делот "Вид на образование" зборовите **"Економски науки"** се заменуваат со зборовите **"Образование"**.

**Член 3**

Во табеларниот приказ на работните места во "Сектор за општи работи" во "Одделение за општи и правни работи" кај работното место под реден број "40" со шифра УПР 0101 В02 000 со назив на работно место: "Виш соработник за односи со јавноста", во делот "Вид на образование" зборовите **"(комуникација и мас-медиуми)" се бришат.**

**Член 4**

Во табеларниот приказ на работните места во "Сектор за општи работи" во "Одделение за издавачки работи и информатика" работното место под реден број **"50"** со шифра УПР 0101 В01 000 со назив на работно место: **"Советник за водење на информатичкиот систем", се брише.**

**Член 5**

Во табеларниот приказ на работните места во "Сектор за општи работи" во "Одделение за издавачки работи и информатика" по работното место со реден број "49" со шифра УПР 0101 Б04 000 со назив на работно место: **"Раководител на одделение за издавачки работи и информатика"**, се додава ново работно место со реден број **"50а"** со шифра УПР 0101 В02 000 со назив на работно место: **"Виш соработник за водење на информатичкиот систем"**, и истото гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 50а |
| **Шифра** | УПР 0101 В02 000 |
| **Ниво** | В2 |
| **Звање** | Виш соработник |
| **Назив на работно место** | Виш соработник за водење на информатичкиот систем |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Информатика или Компјутерска техника и информатика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Извршување на сложени работи и задачи од делокругот на одделението кои се однесуваат на оддржување и развој на информатичкиот систем |
| **Работни задачи и обврски** | - Врши одржување на оперативните системи, базите на податоци и апликативни софтверски решенија кои се употребуват во Заводот;<br>- врши одржување и развој на компјутерската мрежа во Заводот и сите други екстерни врски; |

| | |
|---|---|
| | - обезбедува сигурно и навремено зачувување на податоците, како и организационо -технички мерки за безбедно и точно обновување на податоците и функциите на системот во случај на хаварија и други нерегуларности;<br>- врши администрација, одржување и развој на системите за безбедност од неовластен пристап и користење;<br>- се грижи за правилно користење и функционирање на инфраструктурата потребна за комјутерската опрема;<br>- ги следи промените во ИНИД кодовите, врши следење на новите трендови од информатичката технологија и предлага решенија за нивно имплементирање;<br>- дава информации, стручни анализи, стручна помош и совети за прашања од областа која ја покрива. |

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

в.д. ДИРЕКТОР,
м-р Горан Герасимовски